# З А П И С Н И К
# од 408-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

Седницата се одржа на ден: 07.07.2022, во 10,00 часот во салата за седници на Судскиот совет на Република Северна Македонија .

Присутни членови:

- **Павлина Црвенковска**, претседател
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател
- **Ханиф Зендели**, **член**
- **Зоран Теофиловски ,**член
- **Мери Радевска,** член
- **Лорета Горгиева,** член
- **Сашко Георгиев,** член
- **Мирсад Суроји,** член
- **м-р Милазим Мустафа,**член
- **Весна Дамева,** член

Отсутни членови:

- **Киро Здравев**, член
- **Гордана Спиреска**, член
- **М-р Тања Чачарова Илиевска** ,член
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд
- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секратар
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Весна Михајловска** , државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека се присутни Весна Стефановска претставник од Институт за човекови права и Лејла Тутиќ - претставник од Коалиција за правично судење.

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Павлина Црвенковска.

Откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 408-та седница, со тоа што истакна дека по предлог на координаторот за Основен суд Гевгелија се повлекува во трета точка од дневниот ред – само делот - донесување одлука за престанок на функцијата судии –поротници на Основен суд Гевгелија на кои им престанува функцијата на 30.08.2022 година.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска отвори расправа по предлог Дневниот ред.

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Донесување на решенија за престанок на судиската функција;
2.Донесување на решенија за определување на ВД претседатели на Апелационен суд Штип и Основен суд Битола;
3.Донесување на одлука за избор на судии поротници на Основен граѓански суд Скопје и одлуки за престанок на функцијата судија поротник на Основен граѓански суд Скопје и се повлекува на предлог на координаторот на Основен суд Гевгелија за престанок функција судија поротник за Основен суд Гевгелија
4.Разно.

Пред да се отпочне со дискусија за точките на дневниот ред , претседателот на Советот Павлина Црвенковска му даде збор на членот на Советот Мирсад Суроји,кој побара збор и кој истакна дека не му е јасно зошто првата точка е ставена во дневниот ред и воедно бара да му биде објаснето истото бидејќи на седницата од 01.07.2022 веќе било дискутирано и констатирано и изготвена цела листа и зошто повторно да се дискутира.

Претседателот на Советот истакна дека седницата одржана на 01.07. беше со дневен ред - расправа и донесување заклучоци во врска со Законот за работни односи и до вечерта до 12 часот не се знаеше дали ќе се донесат измени на Законот за работни односи.

Советот тогаш донесе заклучоци по однос на примена на Законот за работни односи а денес на оваа седница треба да се донесат решенија со изрека за секој судија поединечно, а претседателот на Советот нема овластување да донесе решенија за престанок на судиската функција врз основа на заклучок.

За збор се јави членот на Советот Мирсад Суроји , кој истакна дека според него со самиот факт што е констатирано исполнување на условите за старосна пензија на судиите, беше потребно да се изготват поединечни решенија односно претседателот на советот да ги потпише.

Претседателот на Советот истакна дека на таа седница се дискутираше односно се зазема став по однос на примена на Законот за работни односи и законот е education –Советот носи решенија за престанок и претседателот нема овластување врз основа на заклучок донесен на седница да донесе решение за престанок.

За збор се јави Весна Дамева – член на Советот која истакна дека бара повлекување на точката од дневниот ред , бидејќи Судскиот совет веќе донесе заклучок врз основа на тој заклучок треба Советот да донесе решенија, веќе расправале и е одлучувано и поминати се веќе 4 дена од тогаш и воедно истакна дека не мисли повеќе да дискутира и дека беше констатиран престанок уште на таа седница. Ако денес се има намера да се верификуваат со одлуки тие пензионирања, тоа не е работа на Судскиот совет, тоа е работа на претседателот на Судскиот совет.Истакна дека денес категорично наведува дека не може повторно да се одлучува бидејќи веќе за тоа е расправано и наведе дека нема намера да се впушта во повторно расправање бидејќи со самиот заклучок се констатира престанок.На претходната седница не се расправаше за Законот за работни односи , туку се донесе заклучок за престанок на судиската функција и тоа го има на тонскиот запис кој може да се преслуша.Поради тоа бара да се повлече оваа точка од Дневниот ред.

Претседателот на Советот истакна дека не може врз основа на заклучок, без да се донесе поединечно решение за секој судија , во чл. 58 од Законот е наведено дека Советот со решение ќе утврди престанок на судиската функција, а денес е закажана седницата бидејќи до денес немало услови за кворум.
Членот на Советот Зоран Теофиловски ја напушти седницата.

За збор се јави членот на Советот м-р Селим Адеми , заменик претседател на Судскиот совет кој истакна дека во еден дел не се согласува и смета дека денес членовите не треба да се влучат во расправа и судиите биле разрешени на седницата од 01.07.2022 и тоа не го менува никој.Формалниот аспект дали претседателот имал пропуст и при гласањето не кажал дали е донесено решение, тоа за него е ирелевантно и предложи да се најдат записници кога Здравев бил претседател да се види дека никогаш не е спомнато дека се носи решение, Советот само констатира престанок на судиска функција, се става на гласање и потоа се донесуваат решенијата. Во случајот не се работи за закон туку за субјективни случаи кои законот ги зафаќа. На сите седници досега Советот констатирал престанок и се знае дека Советот донесува решение.

Претседателот на Советот истакна дека на оваа седница ниту ќе се дискутира ниту ќе се гласа , туку само ќе се констатира престанок, а датата ќе биде 01.07.2022 година.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева –член на Советот која истакна дека нема намера заради одредени субјективни состојби да го крши законот и нејзиниот предлог е да се повлече оваа точка , а ако се стави точката на Дневен ред ќе треба да се расправа инаку ќе се повреди Деловникот и Советот дискутираше и донесе заклучок дека наведените судии исполнуваат услови за старосна пензија. Согласно член 40.ст.1 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на РСМ претседателот на Советот ги потпишува одлуките,предлозите, решенијата и другите акти на Советот и тука нема ништо спорно.Воедно истакна дека таа ќе го почитува исклучиво законот, тука нема ништо спорно и нема да присуствува на точката по која по втор пат би се расправало и за тоа секој сноси одговорност.

За збор се јави членот на Советот Сашко Георгиев, кој истакна дека негова должност како член на Советот е да го почитува законот. Истакна дека Советот на обвинители многу елегантно ја завршил својата работа по истиот закон.

Претседателот на Советот истакна дека во Советот на обвинители немало никаква дилема, разногласие меѓу членовите за истата работа и смета дека треба законски да се заврши работата и дека врз основа на заклучок не може да се донесе решение.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева- член на Советот истакна дека инсистира дека треба да се стави на гласање точката на дневен ред и секој со својата одговорност да постапи и не може да се согласи втор пат да се расправа , членовите веќе констатирале престанок на судиската функција исто како во Советот на обвинители и да се земе тонскиот запис значи – веќе е констатирано .

За збор се јави членот на Советот Мери Радевска , член на Советот која истакна дека во материјалите има ставено барања од судии, друго не е најавено, нема други материјали за да се спреми за дискусија за седница , воедно има еден судија кој не е опфатен со заклучокот што е од 30.06, да се внимава да не се направи грешка. По однос на донесениот заклучок, доколку истиот заклучок е гласан од членовите со мнозинство гласови , тогаш е завршена можеби работата. Претседателот треба да одлучи во тој дел дали по заклучокот што потоа е изготвен е напишано дека согласно по заклучокот треба да се донесат потоа решенија или не , истакна дека не знае дали е од значење, само истакна дека Советот е колективно тело и да се внимава да никој нема право да си зема право надвор од своите овластувања.

Членот на Советот Мирсад Суроји побара пауза од десет минути, по што службата и претставниците од јавноста – погоре наведени ја напуштија салата.

По паузата и враќањето на службата и претставниците од јавноста во салата, по однос на првата точка од Дневниот ред , претседателот на Советот наведе дека Судскиот совет на 407 – та седница на 01.07.2022 година донесе заклучок согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи од член 2 став 1 и 2 (Службен весник на РСМ бр. 151/2021 ) каде е предвидено дека за поднесените изјави за продолжување на договорот за вработување до 31 август 2021 година се применуваат одредбите од Законот за работните односи, а со оглед дека Договорот за вработување од став 1 на овој член важи до истекот на времето за кое е продолжен, а најдоцна до 30 јуни 2022 година, да се стават вон сила решенијата со кои им е продолжен мандатот на судиите и да се констатира престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија заклучно со 30.06.2022 година на судиите на кои со Решение на Судскиот совет им е продолжен мандатот за тековната 2022 и 2023 година и за истото се изготвени решенија врз основа на овој Заклучок и согласно овластувањата од Заклучокот претседателот на Судскиот совет да ги потпише истите .

Пред започнувањето на точката 2 Членот на Советот Весна Дамева се обрати до претседателот на Советот и наведе: - “ По однос на оваа констатација што ја наведовте, но најверојатно направивте пропуст – “и ќе ги потпише“ , Вас тие веќе Ви се потпишани“, на што претседателот на Советот наведе дека тие решенија се изготвени... и не се слуша од тонскиот запис јасно кој што зборува со оглед да во исто време зборуваат претседателот на Советот Павлина Црвенковска и членот на Советот Весна Дамева, по што се слуша понатаму претседателот на Советот која наведува- “врз основа на заклучокот ми давате овластување да ги потпишам решенијата, а иститe се веќе изготвени“.

**Точка 2**

Донесување на решенија за определување на ВД претседатели на Апелациониот суд Штип и Основен суд Битола

Членот на Советот Зоран Теофиловски се врати во салата за состаноци .

По повод 2-та точка од Дневниот ред претседателот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека поради тоа што од страна на Советот е донесено Решение со кое се утврдува престанок на судиската функција заради исполнување на условите за старосна пензија на досегашните претседатели на Апелациониот суд Штип и Основен суд Битола , се јавува потреба да се определат ВД претседатели на овие судови согласно член 89 и збор и даде на членот на Советот Мери Радевска во својство на координатор на Апелациониот суд Штип, а воедно доаѓа и од Основниот суд Битола.

Мери Радевска , член на Советот истакна дека со оглед на тоа да Киро Здравев- член на Советот не е присутен на седницата, во врска со подрачјето од кое доаѓа направила анализа во врска со можните кандидати и го предложи како ВД претседател судијата на Основниот суд Битола Драган Јаковлевски,кој доаѓа од Академијата и кој има одлични односи со сите судии и смета дека навистина може да се справи со оваа функција, а воедно ја има поддршката и од колективот, а треба да се има предвид дека следи и избор на претседател на суд .

За збор се јави Весна Дамева, член на Советот која истакна дека во целост го поддржува предлогот на членот на Советот Мери Радевска и иако законската одредба е да биде определен судија

кој има најмногу бодови при оценувањето , во случајов се работи за судија кој е од Академијата и сеуште не е оценет.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно е донесено следнато:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** претседател на Основен суд Битола се определува **Драган Јаковлевски**, судија на Основен суд Битола и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.Решението влегува во сила од 07.07.2022 година.

Мери Радевска , член на Советот- Координатор за Апелациониот суд Штип во врска со втората точка од Дневниот ред -донесување на решение за определување на ВД претседател на Апелациониот суд Штип, истакна дека исто така направила анализа на судиите кои работат во судот и од анализата произлегува дека судијата Кирче Донев има најмногу бодови , се работи за возрасен судија и смета дека најдобро ќе ги менаџира состојбите во судот како и меѓучовечките односи, како и да управува со сите оние перформанси со цел да биде успешен судот .

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска откако констатира дека повеќе никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно е донесено следнато:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За **ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА** претседател на Апелационен суд Штип се определува **Кирче Донев**, судија на Апелационен суд Штип и се овластува да биде потписник на сите акти и сметки на судот.Решението влегува во сила од 07.07.2022 година.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека со оглед на наведеното неминовно се наметнува потребата од објавување оглас за избор на претседател на Апелациониот суд Штип и Основен суд Битола .

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатира дека никој не се јави за збор предлогот го стави на гласање.

По гласањето констатира дека едногласно е донесена следната:

**О Д Л У К А**

**ДА СЕ ОБЈАВИ ОГЛАС ЗА:**

- **За избор на претседател на Апелационен суд Штип и**
- **За избор на претседател на Основен суд Битола.**

**Точка 3**

Донесување на одлука за избор на судии-поротници на Основен граѓански суд Скопје и одлуки за престанок на функцијата судија-поротник на Основен граѓански суд Скопје и Основен суд Гевгелија

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска по третата точка од Дневниот ред- Донесување на одлука за избор на судии поротници на Основен граѓански суд Скопје и одлуки за престанок на функцијата судија поротник на Основен граѓански суд Скопје и Основен суд Гевгелија и даде збор на Лорета Горгиева- член на Советот -Координатор за Основниот граѓански суд Скопје , која истакна дека согласно член 36 ст. 1 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на РСМ, Советот е надлежен да избира и разрешува судии поротници, а по предлог на претседателот на судот.

Истакна дека од страна на претседателот на Основниот граѓански суд Скопје доставен е допис до Советот со дата од 29.06.2022 година со предлог 19 да се разрешат од вршење функција судија поротник , а двајца дадени со име и презиме исто така да се разрешат од вршење функција судија поротник, поради неуредно вршење на функцијата.

Постапувајќи по известувањето од претседателот на судот , истакна дека се пристапи кон проверка на податоците од предлогот на претседателот на судот поименично и се констатира дека

предлогот е основан и секој од наведените кандидати ги исполнува условите за разрешување, односно дека им престанува мандатот.Истакна дека  конкретно предлог на претседателот на судот а и предлог на Судскиот совет е да Советот утврди престанок на функцијата судија-поротник на Основен граѓански суд Скопје на: Каролина Мијакоска, Драгана Узелац,  Наташа Трајковска, Васко Ивановски, Рабија Ќосовиќ, Славица Алексовска, Наташа Јосифовска Симоноска, Борче Димоски, Лидија Филиповска, Лилјана Хаџи-Пулевска, Кадире Лимани, Весна Петровска, Виолета Блажевска, Ивана Миленковска, Моника Велјаноска, Гордана Атанасова, Љубинка Рубиева, Марина Јордановска, Зорица Бабуновска, избрани за судии поротници на Основен граѓански суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија им престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот на 16.07.2022 година и  овие судии поротници ги исполниле условите согласно одлуката за избор.

На Деницијa Андреевска Николовска и Мусхаб Јаји, избрани за судии поротници на Основен граѓански суд Скопје  да им престанува функцијата судија поротник, согласно известувањето од претседателот на судот  бидејќи не ја извршувале  функцијата судија поротник.Претседателот на Судскиот совет на РСМ Павлина Црвенковска го стави предлогот на гласање  по што констатира дека Советот едногласно  ја донесе следната

**О Д Л У К А**

На Каролина Мијакоска, Драгана Узелац,  Наташа Трајковска, Васко Ивановски, Рабија Ќосовиќ, Славица Алексовска, Наташа Јосифовска Симоноска, Борче Димоски, Лидија Филиповска, Лилјана Хаџи-Пулевска, Кадире Лимани, Весна Петровска, Виолета Блажевска, Ивана Миленковска, Моника Велјаноска, Гордана Атанасова, Љубинка Рубиева, Марина Јордановска, Зорица Бабуновска, избрани за судии поротници на Основен граѓански суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија им престанува функцијата судија поротник, поради истек на мандатот на 16.07.2022 година.

На Деницијa Андреевска Николовска и Мусхаб Јаји, избрани за судии поротници на Основен граѓански суд Скопје со Одлука на Судскиот совет на Република Македонија им престанува функцијата

судија поротник, бидејќи не ја извршуваат функцијата судија поротник.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска по третата точка од Дневниот ред- Донесување на одлука за избор на судии поротници на Основен граѓански суд Скопје и даде збор на Лорета Горгиева- член на Советот - Координатор за Основниот граѓански суд Скопје , која истакна дека согласно член 36 ст. 1 алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на РСМ, Советот е надлежен да избира и разрешува судии поротници, а по предлог на претседателот на судот.

Лорета Горгиева- член на Советот како Координатор за Основниот граѓански суд Скопје , истакна дека од страна на претседателот на Основниот граѓански суд Скопје доставен е допис – известување до Советот со предлог - листа за избор на судии поротници со поименично наведени лица , кои се јавиле на јавниот оглас за избор за судии поротници од 08.06.2022 година.Воедно имајќи ја во предвид и Одлуката на Судскиот совет за бројот на судии поротници од 10.12.2015 година според која за Основниот граѓански суд е предвидена бројка од 140 судии поротници , смета дека предложените лица се во рамките предвидени со оваа одлука и ја изложи листата кандидати што ги исполнуваат условите за избор на судии поротници :Васко Ивановски,.Драгана Трајчевска,.Љубинка Рубиева,.Каролина Мијакоска,.ИванаМиленковска,ЗорицаБабуновска,НаташаЈосифовска Симоноска,Весна Петровска,.Рабија Ќосовиќ,.Кадире Лимани.Марина Јордановска,Лилјана Хаџи Пулевска ,.Весна Узелац,.ЛуцијаДимовска.,ВиолетаСпасиќ,ВеснаСпасовска,АлександраСаздовска,Сузана Коевска,Сузана Вандева и Кристина Филиповска.

Претседателот на Судскиот совет на РСМ Павлина Црвенковска го стави предлогот на гласање , а гласаа и припадниците на заедниците по што констатира дека Советот едногласно ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ ПОРОТНИЦИ НА ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**

За судии поротници на Основен граѓански суд Скопје.се избрани:

1.Васко Ивановски

2.Драгана Трајчевска

3.Љубинка Рубиева

4.Каролина Мијакоска

5.Ивана Миленковска

6.Зорица Бабуновска

7.Наташа Јосифовска Симоноска

8.Весна Петровска

9.Рабија Ќосовиќ

10.Кадире Лимани

11.Марина Јордановска

12.Лилјана Хаџи Пулевска

13.Весна Узелац

14.Луција Димовска

15.Виолета Спасиќ

16.Весна Спасовска

17.Александра Саздовска

18.Сузана Коевска

19.Сузана Вандева и

20.Кристина Филиповска.

Одлуката влегува во сила од 17.07.2022 година

**Точка Разно**

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска под точка разно- истакна дека од страна на досегашниот претседател на

Основниот суд Битола Миле Димовски и досегашниот претседател на Апелациониот суд Штип Корнелија Давчева доставени се приговори во врска со решенијата донесени од Судскиот совет на 01.07.2022 година и со кои се утврдува престанок на судиската функција заклучно со 30.06.2022 година , а потоа им даде збор за дискусија на членовите .

За збор се јави Мери Радевска , член на Советот, која истакна дека приговорите се пратени пред судиите да ги добијат решенијата , па во таа смисла откако ќе ги добијат решенијата, можат да вложат приговор.Истакна дека на претходната седница таа има дадено свое издвоено мислење и доколку се гласа би гласала да се прифатат приговорите но доколку се прифати дека не добиле решенија сеуште а поднеле приговор односно се преуранети , тоа е друга состојба .

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека се согласува со членот на Советот Мери Радевска и секако по приговорите не би одлучувале, но наведеното го истакна информативно со цел да ги запознае челновите на Советот што е пристигнато во Советот и затоа е ставено под точка разно.Воедно истакна дека од ОЈО од Битола е доставено барање дека се води кривичен предмет и за тоа дека има судии за кои се води постапка во врска со незаконско постапување, па информативно изнесе дали е постапувано по претставки против судиите Солтир Ташков и Корнелија Давчева по претставка од Даниел Иванов од Штип и бараат одлука доколку е постапувано.Согласно евиденцијата во Советот има претставка од лицето Даниел Иванов од Штип и по претставката е постапувано и доставено е известување до подносителот.Инаку Солтир Ташков е судија кој што е во пензија и за истиот е донесено решение со кое што се утврдува нестручно и несовесно вршење на судиската функција поради повреда од член 76 став 1 точка 4 в.в со член 74 алинеја 2 од Законот за судовите .

Потоа Претседателот на Советот Павлина Црвенковска и даде збор на Мери Радевска , член на Советот од причини што се работи за нејзин предмет- , која истакна дека дописот го дала на службите да одговорат на се што се бара од причини што таа ги нема списите и мисли дека е веќе одговорено.

За збор се јави Сашко Георгиев, член на Советот кој истакна односно постави прашање за тоа дали се знае и дали се има сознание за исходот од постапката што се наведува погоре , на што членот на Советот Мери Радевска истакна дека не може да се има информативен карактер –информирање на јавна седница на

Судски совет и не би се впуштила во тоа, но смета дека се што има Советот треба  и должен е да достави да се достави до ОЈО.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска истакна дека на 01.03.2022 е доставени се пријави до Советот  од  Гордана Аџи Спирковска од Прилеп за тоа дека  Заменик претседателот на Советот  не постапил по претставки поднесени од нејзина страна, но самата наведува дека добила известување без печат од органот, што не е точно, истото е проверено во Советот и ова го истакнува само информативно .Имено проверено е во архивата на Советот и има печат а заменик претседателот само ги потпишува известувањата по претставки по кои што постапувале други членови. Подносителката на ден 16 05.2022 година  има доставено молба со  барање под кои архивски броеви се заведени претставките, потоа пушта цело време мејлови,на 18.06 има доставено молба за непостапување по пријавата,  па има доставено молба  потоа на 22.06.2022 година доставила повторно молба насловена само до Советот , значи таа бара од Советот да и бидат доставени броевите „УПП “по претставките.

За збор се јави м-р Селим Адеми заменик претседател на Советот, кој истакна дека подносителката  на претставката пишува навредипокрај другото  и на национална база , но тој само е овластен од претседателката да ги потпишува известувањата до подносителите по претставките  иако истите треба да ги потпишува самата претседателка, известувањата се парафирани од членот  кој ги работи и дека нема ништо  повеќе со претставките.Конкретно претставката ја работела Мери Радевска, член на Советот и сеуште размислува дали на подносителката на претставките  да и поднесе пријава за лажен исказ или за клевета, па нека после тоа се извини пред јавноста.Истакна дека прв пат  во неговиот работен стаж му се случува во својата работа некој да го обвинува за криминал или да го навредува на национална база дека „албанците се корумпирани и сл“.Според него овие дописи  или претставки не треба ни да се разгледуваат, би требало да се отфрлат.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска истакна и го постави прашањето дали како Судски совет имаат право да и ги дадат УПП броевите, на што за збор се јави членот на Советот Мери Радевска која наведе дека по секоја претставка по која се постапува се доставува известување на кое е наведен УПП бројот на претставката и сега не и е јасно што подносителката бара.

ВД Генералниот секретар Весна Толева наведе дека од оваа подносителка има премногу претставки и постојано поднесува нови за иста состојба.

За збор се јави членот на Советот Весна Дамева која истакна дека во конкретниот случај потребно е да се застане на страна на вистината и да се извести подносителот дека заменик претседателот само ги потпишува известувањата, кои ги работат другите членови и дека Советот треба цврсто и остро да застане и да го заштити угледот на заменик претседателот како и на секој друг член на Советот и не може секој да го нарушува угледот и интегритетот на истиот.Конкретно смета дека не треба да се влезе во мрежата на овој подносител , овој подносител ги има сите УПП броеви на заведените претставки и според неа не треба да и се доставуваат УПП броевите на претставките и смета дека на овој начин интенцијата на подносителката е да се навреди човек, член на Совет а со тоа и самата институција Судски совет.

За збор се јави членот на Советот м-р Милазим Мустафа кој истакна дека истото се случувало и кога тој бил заменик претседател , а заменик претседателот на Советот м-р Селим Адеми истакна дека во случајот треба да се затвори предметот со Службена белешка од причини што како што кажа и претседателот на Советот, на дописите на овој подносител нема крај и истакна дека на оваа подносителка Гордана Аџи Спирковска повеќе да не и се одговара.

Во продолжение на седницата Претседателот на Советот Павлина Црвенковска ги извести членовите на Советот дека Павлина Поповска , судија на Основниот граѓански суд Скопје навршува 64 години на 13.07.2022 година и со тоа ги исполнува

условите за стекнување старосна пензија, па од причини што тешко дека Советот ќе одржи седница на наведената дата , дали е рационално да се донесе решение за престанок на судиската функција денес , со тоа што решението да влезе во сила од 14.07.2022 година и воедно отвори дискусија .

За збор се јави м-р Селим Адеми заменик претседател на Советот, кој истакна дека од 15.07 до 15 08 е судска ферија и Советот нема седница а е долг период.Истакна дека според него треба на 13 или 14 07. да има уште една седница , да се завршат точките што останале и потоа да се оди на одмор, со што се согласи и членот на Советот Весна Дамева која истакна дека

треба да се изберат судии поротници  и во Основниот кривичен суд Скопје што е многу битно бидејќи има притворски предмети.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска по дискусијата констатира дека едногласно е донесено следнато:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на на судиската функција на Павлина Попоска, судија на Основен граѓански суд Скопје, поради исполнување на услови за старосна пензија. Решението влегува во сила од 14.07.2022 година.

Решението влегува во сила од 14.07.2022  година.

Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека повеќе никој од членовите на Советот не се јави за збор.

Од тие причини Претседателот на Советот Павлина Црвенковска констатираше дека е исцрпен дневниот ред за 408 -та седница на Советот и дека истата е завршена .

**Напомена:** Тонскиот запис е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател,
Павлина Црвенковска

**Изработил:** Весна Михајловска
**Одобрил**: Весна Толева